**ОГЛАС**

Датум на објава: 22.10.2020 година

**Рурална Коалиција Куманово**, во насока на реализација на своите активности објавува оглас за избор на **1 експерт/ка** за изработка на прирачник за локални здруженија за мониторинг на јавните повици во општините за доделување на средства за финансирање на активностите на здруженијата.

Упатството ќе се изработи врз основа на претходно изработената анализа за постоечките повици од страна на институциите и општините поврзани со секторот земјоделство и рурален развој. Истото треба да им помогне на локалните здруженија од секторот многу полесно да ги следат јавните повици од општините за да може да утврдат дали средствата се доделуваат на транспарентен начин.

Експертот/ката треба да ги исполнува следниве општи критериуми:

- Да има универзитетско образование;
- Да има искуство во работењето со граѓанските организации и да ја познава околината во која што истите функционираат и делуваат;
- Да го познава секторот земјоделство и рурален развој;
- Познавањето на процесите на децентрализација и работењето на општиниите ќе се смета за предност.

Крајниот резултат кој што треба да се постигне со реализацијата на оваа активност е:

*1.3.* Зголемен ангажман и потранспарентна и отчетна соработка и поддршка помеѓу општините и локалните здруженија

Експертот/ката ќе биде ангажиран/а вкупно 3 работни денови.

Кандидатите кои што се заинтересирани за повикот треба да доставаат професионална биографија (CV) и финансиска понуда најдоцна до **11 ноември 2020 година во електронска форма** на следнава e-mail адреса: rkoalicija@gmail.com

*Рурална Коалиција* е корисник на финансиска поддршка од програмата Цивика мобилитас